Речиси **изедначена е поддршката што СДСМ (24,4%) и ВМРО-ДПМНЕ (24,0%) ја имаат кај потенцијалните гласачи**, покажа последната анкета што за МЦМС ја спроведе агенцијата М-Проспект. ВМРО-ДПМНЕ има мала предност кај етничките Македонци (31,2%) наспроти СДСМ (28,3%), додека СДСМ се уште има поддршка кај 8% од етничките Албанци, за разлика од таа за ВМРО-ДПМНЕ која е помала од 1%.

| Симпатизерство кон партии | % |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 24,0 |
| СДСМ | 24,4 |
| ДУИ | 6,9 |
| Алијанса за Албанците | 2,7 |
| БЕСА | 1,7 |
| Други | 2,5 |
| Неопределени/нема да гласаат | 37,8 |

Поддршката за **ДУИ изнесува 6,9%, за Алијансата на Албанците 2,7%, а за Беса, 1,7%**. Вкупно 2,5% од испитаниците поддршката им ја даваат на други политички партии. За забележување е високиот процент на оние кои рекле дека **не знаат или нема да гласаат 37,8%**.

Проверката на рејтинзите на политичките партии беше дел од испитувањето на јавното мислење за претстојниот референдум, кое беше спроведено во периодот од 24 јули до 1 август 2018 година. На испитаниците им беше поставено прашањето: „За која партија ќе гласате доколку утре се одржат парламентарни избори?“.

Сите податоци се објавени во извештајот „ **Референдум 2018 - Ставови на јавноста во Македонија**“.

Податоците беа прибирани телефонски (CATI), а примерокот е повеќеслоен стратификуван и го сочинуваат 1026 испитаници постари од 18 години, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење, а дизајниран според периодичната проценка на Државниот завод за статистика од 2017 година. Користен е случаен избор на испитаници, со рандомизирано бирање на броеви и методот на „нареден роденден“. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од

3,1% со прифатливо ниво на доверба од 95%.